

# Извештај за учество на акционерски собранија одржани во месец април 2022

Датум: 13.05.2022
Сектор за инвестиции

SAVA
PENZISKO

## Содржина

1. Алкалоид АД Скопје ........................................ 3
2. Реплек АД Скопје ........................................ 8

Извештајот се составува согласно **Правилникот за начинот на спречување на злоупотреба на информациите добиени како резултат на службената положба и за содржината и начинот на известување за трансакциите со хартиите од вредност.**

Во текот на месец април 2022 година се одржаа акционерски собранија на **Алкалоид АД Скопје** и **Реплек АД Скопје,** компании во кои задолжителниот пензиски фонд и доброволниот пензиски фонд поседуваат акции и за кои согласно Правилникот, Друштвото има обврска за присуство и известување.

## 1. Алкалоид АД Скопје

**Општ дел**

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на ОЗПФ Сава пензиски фонд и ОДПФ Сава пензија плус, за кои Друштвото има обврска за задолжително присуство.

**I. Алкалоид АД Скопје**

| | | |
|---|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **Алкалоид АД Скопје** | |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **2,80%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **1,44%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 04.04.2022 година | |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**:<br>1. Избор на претседавач со Собранието;<br>2. Избор на бројачи на гласови;<br><br>**Работен дел:**<br><br>3. Предлог-Одлука за измени и дополнувања на Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје со прилог предлог за прочистен текст;<br>4. Предлог-Одлука за донесување на Деловник за работа на Собранието | |

| | |
|---|---|
| | на акционери на АЛКАЛОИД АД Скопје;<br>5. Годишен Извештај за работата на Друштвото за период јануари-декември 2021 година (единечен и консолидиран);<br>- Предлог-Одлука за одобрување и усвојување на Годишни Извештаи;<br>6. Годишна сметка на Друштвото, Консолидирана годишна сметка на Друштвото и Финансиски извештаи на Друштвото за 2021 година (единечни и консолидирани);<br>- Предлог-Одлука за одобрување и усвојување на Годишна сметка на Друштвото, Консолидирана годишна сметка на Друштвото и Финансиски извештаи на Друштвото за 2021 година (единечни и консолидирани);<br>- Предлог-Одлука за одобрување на работата и за водењето на работењето со Друштвото од страна на членовите на Управен одбор на Друштвото во 2021 година;<br>7. Извештаи за извршена ревизија од овластен ревизор<br>- Предлог-Одлука за усвојување на Извештаите;<br>8. Извештај за работата на членовите на Надзорен одбор на Друштвото во 2021 година;<br>- Предлог- Одлука за одобрување на работата на членовите на Надзорен одбор на Друштвото во 2021 година<br>9. Предлог-Одлука за употреба и распоредување на добивката по Годишната сметка на Друштвото за 2021 година;<br>10. Предлог-Одлука за утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2021 година (дивиденден календар);<br>11. Предлог-Одлука за стекнување сопствени акции со откуп; |

| | |
|---|---|
| | 12. Предлог-Одлука за отуѓување сопствени акции;<br>13. Назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото за 2022 година |
| *Претставници на Собранието* | Сава пензиско друштво АД Скопје, преку коресподенција |

II. **Алкалоид АД Скопје**

**ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД** **НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ**

Акционерското собрание на Алкалоид АД Скопје се одржа на 04.04.2022 година со почеток во 08:00 часот во просториите на Друштвото, на бул. Александар Македонски бр.12 во Скопје. Сава пензиско друштво АД Скопје, преку коресподенција, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел**

1. Избор на претседавач со Собранието;
2. Избор на бројачи на гласови;

**По предлозите од процедуралниот дел гласаше ЗА**

**Работен Дел**

3. Предлог-Одлука за измени и дополнувања на Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје со прилог предлог со прочистен текст

**Гласаше ЗА**

4. Предлог-Одлука за донесување на Деловник за работа на Собранието на акционери на АЛКАЛОИД АД Скопје

**Гласаше ЗА**

5. Годишен Извештај за работата на Друштвото за период јануари-декември 2021 година (единечен и консолидиран);
   - Предлог-Одлука за одобрување и усвојување на Годишни Извештаи

**Гласаше ЗА**

6. Годишна сметка на Друштвото, Консолидирана годишна сметка на Друштвото и Финансиски извештаи на Друштвото за 2021 година (единечни и консолидирани);
   - Предлог-Одлука за одобрување и усвојување на Годишна сметка на Друштвото, Консолидирана годишна сметка на Друштвото и Финансиски извештаи на Друштвото за 2021 година (единечни и консолидирани).
   - Предлог-Одлука за одобрување на работата и за водењето на работењето со Друштвото од страна на членовите на Управен одбор на Друштвото во 2021 година;

**Гласаше ЗА**

7. Извештаи за извршена ревизија од овластен ревизор
   - Предлог-Одлука за усвојување на Извештаите;

**Гласаше ЗА**

8. Извештај за работата на членовите на Надзорен одбор на Друштвото во 2021 година
   - Предлог-Одлука за одобрување на работата на членовите на Надзорен одбор на Друштвото во 2021 година

**Гласаше ЗА**

9. Предлог Предлог-Одлука за употреба и распоредување на добивката по Годишната сметка на Друштвото за 2021 година

**Гласаше ЗА**

10. Предлог-Одлука за утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2021 година (дивиденден календар)

**Гласаше ЗА**

11. Предлог-Одлука за стекнување сопствени акции со откуп

**Гласаше ЗА**

12. Предлог-Одлука за отуѓување сопствени акции

**Гласаше ЗА**

13. Назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото за 2022 година

**Гласаше ЗА**

**Кратка содржина на одлуките од собранието на акционери Алкалоид АД Скопје:**

На Годишното собрание лично, преку овластен полномошник или преку коресподенција учествуваа акционери кои поседуваа 62,879% од акциите со право на глас.

По точките од Дневниот ред акционерите позитивно гласаа за Годишниот извештај за работата на Друштвото за периодот јануари - декември 2021 година, работата на Управниот и Надзорниот Одбор, Годишната сметка и Финансиските извештаи, Ревизорските извештаи, како и Одлуката за распределба на добивката. На собранието акционерите ја усвоија и предлог Одлуката за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар, односно се изгласа бруто дивиденда во износ од 440 денари по акција.
Сава пензиско друштво АД Скопје, преку коресподенција, позитивно гласаше по сите точки од Дневниот ред.

Во ревидираните финансиски извештаи на Алкалоид АД Скопје ревизорот изразил позитивно мислење, и смета дека извештаите објективно ја презентираат материјалната и финансиската состојба на компанијата.
Вкупните приходи од продажба на производи и услуги во 2021 година изнесуваат 12.794 милиони денари, и во споредба со остварените продажби во 2020 година бележат раст од 5,45%. Според структурата најголем обем од продажбите, 65%, се остварени на странските пазари, додека пак од нив најголем дел се остварени во земјите од Југоисточна Европа. Учество на Рускиот пазар во вкупните продажби изнесува 9.25%, а учеството на Украинскиот пазар во вкупните приходи на Алкалоид изнесува 3%.
Секторот фармација има доминантна позиција во компанијата со учество од 87,8% во вкупните приходи од продажба т.е. изнесуваат 11.237 милиони денари, и во споредба со остварените продажби во претходната година се зголемени за 6,7%.

Остварените вкупни расходи во 2021 година изнесуваат 11.363 милиони денари, а во структурата на вкупните расходи најголемо учество од 28% имаат суровините и материјалите, па потоа трошоците за вработените со учество од 25,4%, и по нив трошоците за набавна вредност на продадените стоки со учество од 20,2% во вкупните расходи.

Остварената консолидирана Нето добивка во 2021 година изнесува 1.305 милиони денари и во споредба со остварената во 2021 година бележи зголемување за 11,8%.

Вкупните средства, заклучно со 31.12.2021 година, изнесуваат 15.878 милиони денари и се зголемени за 5,7%. Раст е забележан и кај тековните и нетековните средства. На страната на пасивата вкупните обврски изнесуваат 4.216 милиони денари и се повисоки 2,7% во однос на претходната година.

Сите точки од Дневниот ред беа едногласно усвоени од акционерите претставувани на собранието.

## 2. Реплек АД Скопје

**Општ дел**

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на ОЗПФ Сава пензиски фонд и ОДПФ Сава пензија плус, за кои Друштвото има обврска за задолжително присуство.

**I. Реплек АД Скопје**

| | |
|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **Реплек АД Скопје** |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **6,88%** Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,38%** Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 27.04.2022 година |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**:<br>1. Отворање на Собранието;<br>2. Верификација на списокот на пријавени и присутни акционери;<br>3. Избор на Претседавач на Собранието;<br>4. Усвојување на Дневниот ред.<br><br>**Работен дел:**<br>1. Разгледување на годишниот извештај за работењето на Друштвото за период јануари-декември 2021 година, усвојување на извештајот и одобрување на работата на Управниот одбор - одделно за секој член на органот;<br>2. Разгледување на финансискиот извештај и годишната сметка на Друштвото за 2021 година и усвојување на годишната сметка и финансискиот извештај; |

| | |
|---|---|
| | 3. Разгледување и усвојување на консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на Друштвото;<br>4. Донесување на одлука за распределба на добивката по годишната сметка на Друштвото за 2021 година во акумулирана добивка;<br>5. Разгледување на извештајот за извршената ревизија од овластениот ревизор и усвојување на истиот;<br>6. Извештај за работењето на Надзорниот одбор на Друштвото за 2021 година, усвојување на извештајот и одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор - одделно за секој член на органот;<br>7. Именување на овластен ревизор на годишна сметка во Друштвото за 2022 година;<br>8. Избор на нов член на Надзорниот одбор на Друштвото;<br>9. Информација поврзана со работењето на РЕПЛЕК МАРКЕТ ДООЕЛ Скопје, со Одлука за задолжување до Управниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје;<br>10. Донесување на одлука за стекнување на сопствени акции со откуп |
| *Претставник на Собранието* | Александар Миневски |

**II. Реплек АД Скопје**

| ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД | НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ |
|---|---|

Акционерското собрание на Реплек АД Скопје се одржа на 27.04.2021 година со почеток во 08:00 часот, во просториите на Друштвото на ул. Козле бр. 188 Скопје. Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје, по точките од Дневниот ред на седницата на Собранието на акционери гласаа на следниот начин:

**Процедурален дел**

1. Отворање на Собранието
2. Верификација на списокот на пријавени и присутни акционери
3. Избор на Претседавач на Собранието
4. Усвојување на Дневниот ред

**Претставникот гласаше ЗА по предлозите од процедуралниот дел**

**Работен Дел**

1. Разгледување на годишниот извештај за работењето на Друштвото за период јануари-декември 2021 година, усвојување на извештајот и одобрување на работата на Управниот одбор -одделно за секој член на органот

   **Претставникот гласаше ЗА**

2. Разгледување на финансискиот извештај и годишната сметка на Друштвото за 2021 година и усвојување на годишната сметка и финансискиот извештај

   **Претставникот гласаше ЗА**

3. Разгледување и усвојување на консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на Друштвото

   **Претставникот гласаше ЗА**

4. Донесување на одлука за распределба на добивката по годишната сметка на Друштвото за 2021 година во акумулирана добивка

   **Претставникот гласаше ЗА**

5. Разгледување на извештајот за извршената ревизија од овластениот ревизор и усвојување на истиот

   **Претставникот гласаше ЗА**

6. Извештај за работењето на Надзорниот одбор на Друштвото за 2021 година, усвојување на извештајот и одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор - одделно за секој член на органот

   **Претставникот гласаше ЗА**

7. Именување на овластен ревизор на годишна сметка во Друштвото за 2022 година

   **Претставникот гласаше ЗА**

8. Избор на нов член на Надзорниот одбор на Друштвото

   **Претставникот гласаше ЗА**

9. Информација поврзана со работењето на РЕПЛЕК МАРКЕТ ДООЕЛ Скопје, со Одлука за задолжување до Управниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје

   **Претставникот гласаше ЗА**

10. Донесување на одлука за стекнување на сопствени акции со откуп

    **Претставникот гласаше ЗА**

**Кратка содржина на одлуките од собранието на акционери Реплек АД Скопје**:

Откако се утврди дека се исполнети условите за одржување на акционерското собрание на Реплек АД Скопје, на кое беа присутни акционери на вкупно 91% од издадените акции со право на глас, се пристапи кон избор на Работни тела.

По предлог на акционер со над 5% од акциите со право на глас за Претседавач на собранието беше предложен акционерот Венко Темелковски. За предложениот кандидат 52,49% од присутните акционери гласа ЗА, 41,97% беа Против, а 5,54% Воздржани. Со тоа акционерот Венко Темелковски беше избран да го води Годишното акционерско собрание на Реплек АД Скопје. Записникот од собранието го водеше Нотар.

По изборот на Претседавач на Собранието се премина кон следната точка од Процедуралниот дел т.е. Утврдување на Дневниот ред. Во однос на оваа точка од страна на група акционери, кои поседуваа 13,5% од акциите со право на глас, се побара тајно гласање. За да се организира и спроведе тајното гласање, Претседавачот на Собранието прогласи пауза во траење од еден час. Откако се изгласа комисијата задолжена да го организира тајното гласање и се исполнија условите за негово спроведување, Претседавачот ги повикаа акционерите да пристапат кон тајно гласање. Дневниот ред беше усвоен со 52,26% од пријавените акционери, а акционерите кои побараа тајно гласање и дел од останатите пријавени акционери по паузата не се појавија на собранието.

По гласањето за Процедуралниот дел, се пристапи кон гласање по точките од Работниот дел од Дневниот ред.

Во однос на првата точка од Работниот дел Претседателот на Управниот одбор ги образложи резултатите на компанијата за 2021 година, даде коментар за моменталните организациски и инвестициски активностите кои се преземаат од страна на новиот Управен и Надзорен одбор, и се осврна на актуелната геополитичка криза и изложеност на Реплек на рускиот пазар. Од негова страна беше истакнато дека Реплек во моментот не се соочува со проблеми во пласманот, и за испорачаните производи сега се бара и авансно плаќање од страна на купувачот. Во своето обраќање Претседателот на Управниот одбор изнесе и обвинувања кон претходното раководство, обвинувајќи ги за начинот на кој досега била управувана компанијата, како и за утврдениот износ за амортизацијата на основни средства за која пак од страна на Ревизорот е дадено укажување. За збор се јави и Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје, кој во согласност со изнесените обвинувања побара во Годишниот извештај на Реплек АД Скопје јасно да се наведе датумот од кога започнува со работа новото раководство, со што сегашните но и идните акционери би имале појасна слика за заслугата но и одговорноста за остварените резултати за годината. За збор се јавија и останати акционери, развивајќи поширока дебата со разни дофрлувања и обвинувања.

По завршување на расправата по првата точка од дневниот ред Претседавачот на Собранието праша дали и за оваа точка има акционери кои бараат тајно гласање. Откако констатира дека нема акционери, кои поседуваат над 10% од акциите со право на глас, кои бараат тајно

гласање повика по оваа точка јавно да се гласа. За одобрување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото, и одобрување на работата на членовите на Управниот одбор позитивно се изјаснија 52,26% од пријавените акционери на собранието, а акционер кој поседуваше 30 гласа (0,12%) побара тајно гласање.

По усвојување на токата 2 од Работниот дел по точката 3 за збор се јави Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје. Во своето обраќање Претставникот побара од Управниот одбор истиот, под контрола на Надзорниот одбор, во најбрз можен рок да ги адресира недостатоците изнесени во извештаите на Ревизорот, со конкретни постапки за нивно надминување и за истите да ги извести акционерите на некое од следните собранија. Истовремено истакнувајќи дека постапувањето по основ на забелешките на ревизорот ќе преставува еден од клучните критериуми по кој ќе се цени работата на Надзорниот и Управниот Одбор на следното собрание. Во контекст на оваа точка а поврзан со точката 5 од Дневниот ред Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје побара поопширно објаснување од страна на Ревизорот за неговите укажувања во консолидираните извештаи, и дали оваа забелешка би требало да биде содржана и во извештаите од изминатите години.

Ревизорот во однос на оваа прашање за збор се јави по точката 5 од Дневниот ред, за што како објаснување изнесе дека за првпат ова година компанијата решила да направи проценка на основните средства, која пак укажала на пониска вредност во однос на нивната сметководствена вредност. Токму поради ова разлика Ревизорот решил да им обрне внимание на акционерите преку искажаното мислење со резерва. Во претходните години не била направена таква проценка, поради што немало ни укажување од страна на ревизорот. Во понатамошниот тек од собранието акционерите ги усвоија ревизорските извештаи и го одобрија работењето на Надзорниот одбор.

На собранието се избраа и новиот член на Надзорниот одбор, која се обрати пред присутните акционери и даде пошироко образложение за својата биографија и чекорите кои ќе ги преземе како член на Надзорниот одбор.

Како се одвиваше Собранието така се развиваше и расправата по точките од дневниот ред, со разни дофрлувања, инсинуации и обвинувања помеѓу акционерите.

Сите точки од Дневниот ред со мнозинство гласови беа усвоени од акционерите пријавени на собранието. Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје гласаше ЗА по сите точки од Дневниот ред.

Со исцрпување на дневниот ред Претседателот на собранието го прогласи акционерското собрание за завршено.